Врз основа на член 9 став 2 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04), директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАЦИИТЕ, ЧИНОВИТЕ, КАКО И ОБЕЛЕЖЈАТА НА ЧИНОВИТЕ ВО ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ЕДИНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формациите, чиновите, како и обележјата на чиновите во противпожарните единици.

Член 2

Противпожарните единици по своите формациски сили може да бидат:

1. Противпожарно одделение;
2. Противпожарен вод;
3. Противпожарна чета и
4. Противпожарна бригада.

Член 3

Основна и најмала тактичка единица е противпожарно одделение кое во својот состав има 9 пожарникари.

Одделението може да биде во намален формациски состав од 7 пожарникари.

Заради правилен настап и ефикасно гаснење на пожарите одделението е поделено во три групи.

Член 4

Протвипожарен вод е тактичка единица која е составена од две или повеќе одделенија, а противпожарна чета е тактичка единица составена од два или повеќе вода.

Противпожарна бригада е тактичка единица составена од две или повеќе чети.

Член 5

Пожарникарите во противпожарните единици имаат чинови кои ги носат на ветровката, зимската и летната блуза – виндјакна и на летната кошула.

Обележјата на чиновите се состојат од ширити со жолто-златна боја со широчина од 6 и 12 мм. и пожарникарски факел во жолто-златна боја изработена од легура со димензии 15 мм висина и 7 мм. ширина Обележјата на чиновите на униформата се пришиени на ткаенина иста како ткаенината на зимската, односно летната униформа.

Обележјето на чинот за пожарникар е еден правоаголен златен ширит со ширина од 6 мм. (Образец бр. 1).

Обележјето на чинот за водич на група се состои од еден прав и еден правоаголен ширит со жолта златна боја со широчина од 6 мм. на меѓусебно растојание од 6 мм. (Образец бр. 2).

Обележјето на чинот за командир на одделение се состои од еден прав и еден правоаголен ширит со жолто златна боја со широчина од 6 мм на меѓусебно растојание од 6 мм (образец бр. 3).

Обележјето на чинот за заменик командир на вод се состои од еден прав ширит со ширина од 12 мм и еден правоаголен ширит со ширина од 6 мм. на меѓусебно растојание од 6 мм. Ширитите се со жолта златна боја (Образец број 4).

Обележјето на чинот за командир на вод се состои од еден прав ширит со ширина од 12 мм. и еден правоаголен ширит од 6 мм. на меѓусебно растојание од 6 мм. Ширитите се со жолто златна боја. На растојание од 6 мм од темето на правоаголниот ширит се наоѓа пожарникарски факел (Образец бр. 5).

Обележјето на чинот за заменик командир на чета се состои од два прави ширити паралелно пришиени, од кој едниот е со ширина од 12 мм на растојание од 6 мм од ракавот, вториот е со ширина до 6 мм и еден правоаголен со ширина од 6 мм, на меѓусебно растојание од 6 мм.

Ширитите се со жолта златна боја. На средината помеѓу правиот ширит од 6 мм и правоаголниот ширит се наоѓа пожарникарски факел (Образец бр.6).

Обележјето на чинот за командир на чета се состои од два прави ширити паралелно пришиени, од кои едниот е со ширина од 12 мм, на растојание од 6 мм од ракавот, вториот е со ширина од 6 мм. и еден правоаголен со ширина од 6 мм на меѓусебно растојание од 6 мм. Ширитите се со жолта златна боја. На растојание од 6 мм од темето на правоаголниот ширит се наоѓа пожарникарски факел. (Образец бр. 7)

Обележјето на чинот за помошник командант се состои од два прави ширити паралелно пришиени со ширина од по 12 мм и еден правоаголен ширит со ширина од 6 мм, сите на меѓусебно растојание од 6 мм. Ширитите се со жолта златна боја. На растојание од 6 мм од темето на правоаголниот ширит се наоѓа пожарникарски факел. (Образец бр. 8)

Обележјето на чинот за заменик командант се состои од три прави ширити паралелно пришиени од кои два се со ширина од по 12 мм и еден од 6 мм и еден правоаголен ширит со ширина од 6 мм, на меѓусебно растојание од по 6 мм. Ширитите се со жолта златна боја. На растојание од 6 мм од темето на правоаголниот ширит се наоѓа пожарникарски факел. (Образец бр. 9)

Обележјето на чинот за командант се состои од три прави ширити паралелно пришиени со ширина од по 12 мм и еден правоаголен ширит со ширина од 6 мм. сите на меѓусебно растојание од по 6 мм. Ширитите се со жолта златна боја. На растојание од 6 мм. од темето на правоаголниот ширит се наоѓаат два пожарникарски факела. (Образец бр.10).

Нарамениците со обележјата на чиновите на униформата пожарникар и водич на група опшиени се со испуска од пурпурно црвена боја широка 3 мм.

Нарамениците со обележјата на чиновите на униформата за останатите работници опшиени се со испуска од златно жолта боја широка 3 мм.

Член 6

Обрасците број 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 се составен дел на овој правилник.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите за униформата, ознаките за униформата и заштитната опрема на работниците во територијалните противпожарни единици (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/94).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-480/1
8 март 2006 година
Скопје

Дирекција за заштита и спасување
Директор,
**Киро Атанасов**, с.р.

## Чинови и обележја на чиновите во противпожарните единици



1. Пожарникар (Образец 1)



2. Водич на група (Образец 2)



3.Командир на одделение(Образец 3)



4. Зам. Командир на вод (Образец 4)



5. Командир на вод (Образец 5)



6. Заменик Ком. на чета (Образец 6)



7. Командир на чета (Образец 7)



8. Помошник Командант (Образец 8)



9. Заменик Командант (Образец 9)



10. Командант (Образец 10)